# ИЗВЕШТАЈ ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА

FERŠPED

www.fersped.com.mk

**Скопје, 2023 година**

Врз основа на чл.480 ст.3 од Законот за трговските друштва, Неизвршните членови на ФЕРШПЕД АД Скопје до Собранието на акционери на друштвото поднесуваат

## ИЗВЕШТАЈ ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО ЗА 2022 ГОДИНА

Согласно Статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје и Законот за трговски друштва на органот на управување на друштвото - Одборот на директори му се дадени најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на истото со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови.
Согласно овластувањата кои произлегуваат од Закон и од Статутот на Друштвото Одборот на директори се грижи за утврдување на деловната политика на Друштвото, ги донесува плановите, програмите и другите општи акти на Друштвото и дава насоки за нивно спроведување, ги донесува актите на деловната политика и друго. Како посебните овластувања кои им се дадени на неизвршните членови на одборот на директори е вршењето надзор над управувањето со друштвото како и контрола од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи.

Неизвршните членови во рамки на своите овластувања вршат увид во книгите и документацијата на друштвото, а која се однесува на неговото финансиско работење, состојбата со имотот, хартиите од вредност, при редовна проверка утврдува дека и во тој дел работењето на друштвото е во рамки на законската регулатива.

Во рамките на овие надлежности, Одборот на директори во овој извештаен период своите активности и работењето особено го насочија кон продолжување на профитабилното работење на Друштвото, континуирано управување со ризиците во работењето, планирање, развој и промоција на услугите, усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива.
Ваквите активности и работењето во рамки на Одборот на директори заедно со извршните членови - Генералниот директор и Заменик Генералниот директор придонесоа во деловната 2022 година Друштвото да оствари добивка.

Одборот на директори како орган на управување на друштвото согласно одредбите од Статутот брои пет члена. Од вкупниот број членови на Одборот на директори два се извршни членови од кои еден е Генерален директор, а другиот Заменик Генерален директор, додека три члена се неизвршни од кои еден е неизвршен – независен член.
Во период од месец Јануари до месец Декември 2022 година, Одборот на директори одржа повеќе седници на кои се донесоа потребни одлуки за редовното работење на друштвото. Членовите на органот на управување во текот на деловната 2022 година работеа во насока на исполнување на деловниот план за работа на друштвото предвиден за 2022 година во рамки на законските прописи со што придонесоа за успешен деловен континуитет и стабилно корпоративно управување.

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

На одржаните седници неизвршните членови на Одборот на директори особен акцент посветија на разгледување на следните извештаи:

- месечни извештаи за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото од Генералниот директор;
- тримесечни извештаи за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото од Генералниот директор ;
- полугодишен и годишен извештај за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото од Генералниот директор;
- единечни и консолидирани финансиски извештаи за периодот од 01.01-31.03, 01.01-30.06, 01.01-30.09 и 01.01-31.12;
- планот за работа, полугодишниот и годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија;
- годишниот план за работа на Друштвото;

Усвоените извештаи членовите на органот на управување детално ги разгледаа, дискутираа по истите, донесоа соодветни заклучоци и насоки за понатамошна работа на Друштвото, и донесоа одлуки за одобрување на истите.

## КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ФЕРШПЕД АД Скопје за ДЕЛОВНАТА 2022 ГОДИНА

Неизвршните членови на Одборот на директори на **ФЕРШПЕД АД Скопје**, согласно член 480 ст.2 од Законот за трговските друштва, континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото преку:

- разгледување и проверка на годишната сметка, финансиските извештаи
- разгледување и проверка годишниот извештај за работењето на Друштвото;
- разгледување и проверка на Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи од независниот ревизор со мислење;
- разгледување и проверка на одлуката за распределба на добивката;

Неизвршните членови на Одборот на директори на **ФЕРШПЕД АД Скопје**, континуирано следејќи го финансиското работење на Друштвото и делувајќи во согласност со системот за внатрешна контрола и процедури го заклучија следното:

- Менаџментот на Друштвото изврши оценка на ефикасноста на процедурите и контролите на обелоденување, заклучно со 31.12.2022 година и заклучи дека таквите контроли и процедури се ефективни и ефикасни, во согласност со законската регулатива.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**

Неизршните членови на Одброт на директори на ФЕРШПЕД АД Скопје согласно обврските кои произлегуваат од член 480 став 3 од Законот за трговски друштва го следеа работењето на Друштвото во деловната 2022 година и по спроведената интерна контрола од нивна страна, го поднесоа следниот годишен извештај за резултатите од извршена контрола:

1.Неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото се одговорни за воспоставување и одржување на адекватна внатрешна контрола на финансиското известување на ФЕРШПЕД АД Скопје. Внатрешната контрола на финансиското известување е процес дизајниран со цел обезбедување респектабилна гаранција во врска со точноста на финансиското известување и подготовка на финансиските извештаи за целите на надворешното известување, а во согласност со прифатените сметководствени стандарди во Република Северна Македонија.

2. За деловната година која што заврши на 31.12.2022 година, неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на финансиските извештаи, како и ревидираните финансиски извештаи. Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, овластен ревизор, назначен за вршење ревизија на финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, за годината која заврши со 31 Декември 2022 година, издаде Извештај со кој се потврдува реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје во сите материјални аспекти, освен за можните ефекти опишани во Основа за мислење со резерва- точка 1 и за ефектите опишани во Основа за мислење со резерва –точка 2 и 3.

3.Неизвршните членови на Одборот на директори веруваат дека воспоставениот систем за внатрешна контрола преку финансиското известување и изработените финансиски извештаи даваат реален приказ на состојбите од работењето на друштвото за годината која заврши на 31.12.2022 година.

**Промени во внатрешната контрола на финансиското известување**
Неизвршните членови на Одборот на Директори на ФЕРШПЕД АД Скопје, потврдуваат дека при спроведувањето на внатрешната контрола на финансиските известувања за годината која заврши, не беа променети критериумите за контрола  кои би влијаеле на материјалните аспекти на спроведената внатрешна контрола на финансиските извештаи.

**ЗАКЛУЧОЦИ И СОГЛЕДУВАЊА**

Во текот на 2022 година Одборот на директори работеше во рамките на своите законските утврдените надлежности како и обврските согласно Статутот на друштвото, со остварување добивка во работењето, давање насоки за преземање мерки и активности со цел да се оствари успешно работење, со следење на тековни новини во стопанството и слично.

Неизвршните членови на Одборот на директори дадоа активен и значителен придонес во функционирање на Одборот на директори како и соодветна контрола над работењето на извршните членови и остварија добра соработка со извршните членови на Одборот на директори со донесување квалитетни одлуки кои доведоа до подобрување на деловната активност на друштвото.

Како резултат на активното и ефикасно учество, соодветниот надзор и контрола врз работењето на Друштвото и добрата соработка на неизвршните членови на Одборот на директори со извршните членови на Одборот на директори, ФЕРШПЕД АД Скопје деловната 2022 година ја заврши со остварување на позитивен финансиски резултат.

Врз основа на гореизнесеното, се предлага Годишното собрание на акционери да ги усвои:

- Годишната сметка и консолидираната Годишна сметка за 2022 година
- Поединечните и консолидирани финансиски извештаи ревидирани од овластен ревизор со мислење за 2022 година
- Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД и Група ФЕРШПЕД за 2022 година
- Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година
- Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2022 година
- Одлуката за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2022 година
- Одлуката за исплата на дивиденда со дивиденден календар
- Одлуката за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2022 година
- Одлука за измена на Статутот на друштвото
- Одлука за избор на член на органот на управување
- Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Групата ФЕРШПЕД за 2023 година.

**Неизвршни членови на Одбор на директори**
**на ФЕРШПЕД АД Скопје**

______________________
**Штерјо Наков**

______________________
**Анета Лазарова**

______________________
**Лидија Трајковиќ**